Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), постапувајќи по заклучок од 55-та седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 45, одржана на 28 јуни 2022 година, министерот за образование и наука донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

Како резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, а во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и националната стратегија за спречување на корупцијата 2021-2025 година на Државната комисија за спечување на корупцијата, Министерството за образование и наука го донесе Годишниот план за спречување на корупцијата за 2023 година. Овој план има за цел да ја зголеми институционалната свесност и отпорност на корупција и да воспостави механизми за контрола и превенција на појавата на корупцијата.

**ЗА МИНИСТЕРСТВОТО**

МИСИЈА: Обезбедување квалитетен воспитно - образовен процес, преку примена на современи методи на учење, критичко размислување и интегрирање на информатичка технологија и дигитални вештини во наставата, поддршка на самостојноста на ученикот , во процесот на стекнување на знаења, вештини и ставови, за нивна практична примена во реалниот животен контекст, креирање на култура на доживотно учење, воедно вложувајќи во континуиран развој на научно-истражувачката дејност

ВИЗИЈА: Придонес во развивањето на европските образовни вредности преку обезбедување на сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон „ученикот" . Создавање на конкурентен национален образовен систем заснован на современи програми што овозможуваат стекнување со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент. Инвестициите во квалитетен образовен систем ќе бидат основа за забрзувањето на темпото на економски раст и поддршка кон определбите за вклучување во научно – истражувачки и иновативни процеси.

НАДЛЕЖНОСТИ

Министерството за образование и наука ги врши работите што се однесуваат на:

- воспитанието и образованието од сите видови и степени;
- организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката;
- воспитанието и образованието на децата на државјани на Република Северна Македонија кои се на привремена работа и престој во странство;
- верификацијата на струките и профилите во образованието;
- ученичкиот и студентскиот стандард;
- Инвестирање во информатичка технологија и е-образование;
- технолошкиот развој, поддршка на иновациите техничката култура;
- меѓународната научно-техничка соработка;
- надзорот од негова надлежност и
- врши други работи утврдени со закон.

## ИДЕНТИФИКУВАНИ ОБЛАСТИ ПОДЛОЖНИ НА КОРУПЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА МИНИСТЕРСТВОТО

Областите кои се подложни на корупција може да се поделат на:

- Индивидуален и институционален интегритет
- Унапредување на квалитетот на образованието

ИДЕНТИФИКУВАНИ РИЗИЦИ ПО ИНДИВИДУАЛНИОТ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ:

1) Намален личен и професионален интегритет и етика на вработените
2) Неприменување на Законот за укажувачи, подзаконските акти и интерната процедура за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување
3) Нарушен интегритет на постапките за јавните набавки
4) Судир на интереси при преземање на службени дејствија

ИДЕНТИФИКУВАНИ РИЗИЦИ ВО ОБЛАСТА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО:

1) Изразени влијанија и дискрециони овластувања при вработувањето во образованието;
2) Недоволно изградени капацитети на државниот просветен инспекторат;
3) Ниска свест за адресирање на прашањето на корупцијата во рамките на образовните институции;
4) Непостоење на прецизна законска регулатива за користење на наставно нагледни и дидактички средства/помагала;
5) Недостиг од процедури за набавки кои во воспитно-образовните институции се реализираат надвор од Законот за јавни набавки;
6) Недостиг на подзаконски акти за начинот на регулирање за давање под закуп на недвижен имот на образовните институции;

7) Подигнување на квалитетот на високото образование во сферата на акредитирање на високообразовни институции, научни установи и акредитација на студиски програми;
8) Недоволно содржини во образовниот процес во средното образование за принципите на добро владеење и интегритет

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА

ОБЛАСТ: ИНДИВИДУАЛЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ИНТЕГРИТЕТ:

| **1: Намален личен и професионален интегритет и етика на вработените** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Носител / надлежна организациска единица** | **Рок за реализациј а** | **Финансиски импликации** |
| 1. Унапредување на личниот и професионалниот интегритет и етика на вработените | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на професионалните, етичките и институционалните правила на работење | Раководители на организациски единици<br>Високо раководство | Континуирано | Нема |
| 2. Професионален развој на вработените и развој на култура на континуирано учење | Развој и спроведување на политики и практики на управување со човечки ресурси за нивен професионален развој и надградба | Раководители на организациски единици<br>Високо раководство | Континуирано | Буџет на МОН – Програма К2, ставка 425 |
| 3. Посветеност на високото раководство на креирање на морална и организациска култура на професионалност, законитост и нетолерантност на корупција | Периодични проценки на работните процеси со цел идентификување на нивната ранливост од корупција | Раководители на организациски единици<br>Високо раководство | Континуирано | Нема |
| **2: Неприменување на Законот за укажувачи, подзаконските акти и интерната процедура за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Носител / надлежна организациска единица** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Соодветна примена на Законот за укажувачи, подзаконските акти и интерната процедура за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување | Навремено и законско постапување по поднесените пријави од укажувачи, како и известување за преземените мерки на подносителите на пријави во законски утврдениот рок | Овластено лице | Континуирано | Нема |
| 2. Подигање на свеста на вработените во Министерството за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачите и интерната процедура за начинот за постапување за заштитено внатрешно пријавување. | Запознавање на вработените во Министерство со Законот за заштита на укажувачите и Правилникот за спроведување на процедури за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и другите податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, а применувајќи ги прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицираните информации | Овластено лице | Континуирано | Нема |
| **3: Нарушен интегритет на постапките за јавните набавки** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Носител / надлежна организациска единица** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
| 1. Зајакнување на интегритетот на јавните набавки | Поттикнување на контуниирана доследност во почитувањето на кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки и интерните процедури за сите инволвирани вработени во процесот на јавните набавки | Сите вклучени вработени во процесот на јавни набавки | Континуорано | Нема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Спроведување на сеопфатни периодични анализа од спроведените јавни набавки вклучувајќи ги сите фази од процесот на јавните набавки со мерки за подобрување | Одделение за јавни набавки<br>Одделение за финансиска контрола<br>Сектор за општи и правни работи | Крајот на 2023 година | Нема |
| | Професионален развој и континуирана едукација на вработените кои се учесници во процесите на јавните набавки | Сите вклучени вработени во процесот на јавни набавки | Континуирано | Буџет на МОН – Програма К2, ставка 425 |
| **4: Спречување на судир на интереси при преземање на службени дејствија** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Носител / надлежна организациска единица** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
| Спречување на влијание врз членовите на разни комисии при Министерството | Дигитализација на услугите на МОН | МОН | Континуиран о до целосна дигитализац ија | Буџет на МОН – Програма 10, ставка 424 и 485 |
| | Пријавување на обид за влијание врз службениците | МОН | Континуиран о | Нема |

ОБЛАСТ: УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО:

| **1: Изразени влијанија и дискрециони овластувања при вработувањето во образованието** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
| 1. Воспоставување на јасни критериуми за бодирање и постапки при спроведување на интервју за вработување на наставници и стручни соработници во основното и | 1.1. Донесување на подзаконски акти по однос на спроведување на интервјуто и утврдување критериуми за бодирање при избор на кандидати за наставници и стручни | МОН<br>БРО<br>ЦСО | Прва половина на 2023 | Нема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| средно образование | соработници | | | |
| 2. Воспоставување на законска обврска решенијата за разрешување на директори на ОУ и СОУ пред истекот на нивниот мандат да содржат детални образложенија и да подлежат на инспекциски надзор | 2.1. Измена во Законот за просветна инспекција во насока на задолжителен надзор над решенијата за предвремено разрешување на директори на ОУ и СОУ | МОН/ ДПИ | Втора половина на 2023 | нема |
| | 2.2.Спроведување на надзор во однос на содржината на образложението на решенијата за привремено разрешување на директори на ОУ и СОУ | ДПИ | Втора половина на 2023-Континуирано | Нема |
| | | | | нема |
| 3. Воспоставување на механизам на редовен надзородстрананаДПИ над постапките за избор во наставно-научни звања | 3.1. Донесување на годишен план/програма на ДПИ за надзор над постапките за избор во наставно- научни звања | ДПИ | Прва половина на 2023 – континуирано | Нема |
| | | | | |
| **2. Ниска свест за адресирање на прашањето на корупцијата во рамките на образовните институции** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Јакнење на свеста на директорите и на наставниците за превенирање од корупција во основното и средно образование | 1.1. Вградување на посебен модул во Програмата за обуки за директори и акредитација на обука за наставници за етика и интегритет | БРО<br>ДИЦ<br><br>ЦСОО | Прва половина на 2023 | Буџет на МОН Програма 27, ставка 425<br><br>Буџет на БРО Програма 25, ставка 425<br><br>Буџет на ДИЦ и ЦСОО |
| | 1.2. Изготвување на Водич/ Брошура за превенирање од корупција | БРО<br>ДИЦ<br><br>ДКСК<br>ЦСОО | Прва половина на 2023 | Има (донатори) |
| | 1.3. Организирање и спроведување на едукативни работилници со директорите и наставниците | БРО<br>ДИЦ<br><br>ДКСК<br>ЦСОО | Втора половина на 2023-континуирано | Буџет на МОН Програма 27, ставка 425<br><br>Буџет на БРО Програма 25, ставка 425<br><br>Буџет на ДИЦ и ЦСОО |
| 2. Подигнување на свеста за користењето на механизмите за пријавување на корупција на универзитетите | 2.1. Спроведување на активности за пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите | Сенати на универзитети<br><br>ДКСК | Прва половина на 2023 | Буџети на универзитетите |
| 3. Воспоставување на механизам за следење на заложбите утврдени во Нацрт – политиката за спречување на корупција на | 3.1. Тековно следење на примената на Нацрт – политика за спречување на корупција на универзитетот и јавно објавување на годишни извештаи | Сенати на универзитет<br>и | Прва половина на 2021 | Буџети на универзитетите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| универзитетот | | | | |
| **3. Непостоење на прецизна законска регулатива за користење на наставно нагледни и дидактички средства/помагала** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
| 1. Воспоставување на прецизни критериуми за набавка и користење на образовните помагала во основни и средни училишта | 1.1. Изготвување на анализа на практиката и дефинирање на критериуми за набавка и користење на образовните помагала | МОН<br>ПС<br>БРО | Прва половина на 2023 | Нема |
| | 1.2. Донесување на измена на Законот за учебници | МОН<br>ПС | Втора половина на 2023 | Нема |
| | 1.3. Донесување на соодветни подзаконски акти | МОН<br>ПС<br>БРО<br>ЦСО | Втора половина на 2023 | |
| **4. Недостиг од процедури за набавки кои во воспитно образовните институции се реализираат надвор од законот за јавни набавки (екскурзии на ученици, обезбедување на училиштето, фотографирање на учениции и изработка на алманаси, набавка на ужина итн.)** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
| 1. Изготвување на подзаконски акти со кои ќе се регулира начинот на спроведување на набавките во воспитно образовните институции кои не подлежат на закон за јавни набавки | 1.1. Донесување подзаконски акти/правилници | МОН | Прва половина на 2023 | Нема |
| **5. Недостиг на подзаконски акти за начинот на регулирање за давање под закуп на недвижен имот на образовните институции** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Изготвување на подзаконски акти, упатства и насоки со кои ќе се регулира издавањето на недвижниот имот на воспитно и високо образовните институции | 1.1. Донесување подзаконски акти, упатства и насоки | МОН<br>ЕЛС | Прва половина на 2023 | Нема |
| **6: Подигнување на квалитетот на високото образование во сферата на акредитирање на високообразовни институции, научни установи и студиски програми** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
| 1. Обезбедување на транспарентност при изборот на членови на Агенцијата за квалитет на образованието | 3.1. Објавување на образложени одлуки за избор на членовите на Агенцијата за квалитет на образованието | Влада<br>МОН | Континуирано | Нема |
| 2. Обезбедување на транспарентност во работата на Агенцијата за квалитет на образованието во делот на акредитирањето на високообразовани институции, научни установи и студиски програми | 4.1. Објавување на детално образложени одлуки на Агенцијата за акредитациите, ре акредитациите и другите стручни активности | Агенција за квалитет во високото образование | Прва половина на 2023 - континуирано | Нема |
| 3. Зачленување на Агенцијата за квалитет на образованието во ЕНКА (Европската мрежа на Агенции за обезбедување квалитет во високото образование) | 5.1. Изготвување на План за зачленување на Агенцијата за квалитет на образованието во ЕНКА да се провери за планот | Агенција за квалитет во високото образование | Прва половина на 2023 | Нема |
| **7. Недоволни содржини во образовниот процес во средното образование за принципите на доброто владеење и интегритет** | | | | |

| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
|---|---|---|---|---|
| 1. Воведување на содржини за антикорупциска едукација за учениците од средно образование како дел од редовните наставните програми | 1.1. Спроведување на Проект - Антикорупциска едукација во средните пилот училишта | БРО<br>МОН<br>ДКСК | септември 2023 | Буџет на БРО, Програма 21, ставка 425 |
| | 1.2 Донесување на соодветни акти/програма за воведување на антикорупциска едукација во редовните наставни програми | БРО | септември 2023 | Нема |

**Министер за образование и наука,**

**Doc. Dr. Jeton Shaqiri**

**с.р.**

Бр. 08-673/1

Скопје, 18.01.2023